ОПШТИНА РАДОВИШ
Бр. 07-344/3
06-07 20 11 год.
Радовиш

# ЗАПИСНИК

Од 40-седница на Советот на општина Радовиш одржана на ден 27.06.2011 г. (понеделник) со почеток од 09.00 часот во салата за состаноци во зградата на општина Радовиш.

Присуствуваат 19 членови на Советот на општина Радовиш..

Претседател на Совет на општина Радовиш Сашко Николов ја отвори седницата и предложи дополнување на дневниот ред со следниве точки:

1. Извештај за уберената комунална такса од регистрација на возила во Радовиш за 2010 год. од Здружение на возачи бр. 25-25/16 од 09.03.2011 год.
2. Извештај за уберената комунална такса од регистрација на возила во Радовиш за 2010 год. од Авто-Сигурност бр. 12-25/22 од 15.04.2011 год.
3. Извештај за уберената комунална такса од регистрација на возила во Радовиш за 2010 год. од Пауер Спорт Систем бр. 12-25/31 од 25.05.2011 год.

Претседател на Совет на општина Радовиш Сашко Николов го даде на усвојување предлогот за дополнување на Дневниот ред

Советот на општина Радовиш едногласно го прифати предложената допуна.

Претседател на Совет на општина Радовиш Сашко Николов го даде на усвојување предложениот дневниот ред.

Советот со 19-ЗА го прифати дневниот ред.

- Усвојување на Записник од 39 седница.

1. Советнички прашања;
2. Доставување на Одлука на УО ЈП Плаваја бр. 0202-185/3 од 20.04.2011 год.
3. Предлог-Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Радовиш за 2011 г.
4. Предлог-Одлука за измена и дополнување на на Одлуката за утврдување висина на надоместокот за добивање на лиценце за давање услуги од угостителските објекти во општина Радовиш бр. 07-1888/1 од 17.11.2011 год.
5. Извештај за уберената комунална такса од регистрација на возила во Радовиш за 2010 год. од Здружение на возачи бр. 25-25/16 од 09.03.2011 год.
6. Извештај за уберената комунална такса од регистрација на возила во Радовиш за 2010 год. од Авто-Сигурност бр. 12-25/22 од 15.04.2011 год.
7. Извештај за уберената комунална такса од регистрација на возила во Радовиш за 2010 год. од Пауер Спорт Систем бр. 12-25/31 од 25.05.2011 год.
8. Усвојување на Извештаите од работните тела на Советот на општина Радовиш.

- Усвојување на Записник од 39 седница.

Советот ЕДНОГЛАСНО го прифати записникот од 39 седница.

Претседател на Совет на општина Радовиш Сашко Николов даде предлог да точката советнички прашања биде одложена за наредната седница.

Точка 1
Советнички прашања;

Милевка Ѓорѓиева

1. Ѓраѓаните од улица Даne Трајков прашуваат дали во најблиска иднина ќе се започне со отварањето на улицата?
2. Како од септември ќе се превезуваат наставниците од образованиетодо и од работното место?

Градоначалник на општина Радовиш Д-р. Роберт Велков

- Во повеќе наврати имавме коинтакти и беа повикани, меѓутоа дел од нив негаторски се однесуват и колку е можно повеќе да се одложи постапката. Мерѓутоа целокупната постапка е покрената и половина од граѓаните се обештетени. Меѓутоа и обештетените граѓани повторни и се ставени оградите и истите се

.лидизират со другите. Мислам дека во скоро време ќе започне постапка со одбележувањето на улицата .і 2012 година улицата ќе биде завршена.
- Околу превозот сме во контакти со Министерството за образование и ние како општина ќе бидеме резервирани се до добивање на одговор од Министерството. Во случај да не е содветен одговорот ќе побарам од вас мислење за решавање на проблемот во нашиот град.

Лимонка Илиевска
1. Положбата на лицата со попреченост во развојот ПОРАКА , за која имавме презентација на ЛАП . Кога ќе започне реновирањето на објекто во кој ќе бидат вклучени и бизнисмените и кога ќе се направи ребаланс за да општината учествува со минимални средства за давање на првиот чекор?

Градоначалник на општина Радовиш Д-р. Роберт Велков
- Го дадовме објекто на користење на лицата и со наше дополнително залагање ќе добиеме подобри услови да понудиме на лицата и мислам на наредната седница ќе имаме ребаланс и ќе побарам да вие одвоите од некоја ставка од прилика од 800.000 до 1.000.000 денари кои средства дополнително ќе бидат вклучени за реконструкција на објектот.

Мите Стефанов
1. Луѓето од село Дамјан веќе 7-8 месеци се без вода. До кога ќе чекат граѓаните за овој проблем решавањето на трафостаницата?
2.Во паркот на младите нема фонтана и санитарен чвор? Мислам дека како локална сдамоуправа треба да се најде решение за решавање на проблемот.
3. Под чија надлежност се паноата, билбордите, дали се под надлежност на општината дали се плаќа и во колку се плаќа од јануари до сега колку има собрано средства на сметката на општината?

Градоначалник на општина Радовиш Д-р. Роберт Велков
- Потребное почитување на законот и сакам да ве информирам дека и јас сакав да го решам проблемот но когa дојдоа луѓето веднаш се испрати полиција и се констатира дека е открадено трафото. Стапивме во контакт со ЕВН за да дознаеме чие е трафото, пада се испланират средства во буџетот и на 30.06.2011 е планирано отварањето на тендерот за јавна набавка. Кога се открade трафото тогаш се започна постаката за утврдување чие е трафото.
- Во паркот на младите точно е дека имаме е потребно е да се направи реновирање на фонтаните и еве упатувам барање до ЈП Плаваја да секаде каде има чешма, фонтана веднаш се направи реконструкција и да ги стават во функција.
- Имаме склучено договор со Акцент медија за паноата и билбордите и мислам дека општината има едно пано и е одговорна за неа. Додека имаме склучено договор со Акцент медија и по основ на договорот добиваме средства за закупнина на паноата и билбордите.

Кирче Матрапазов
1. Наездата на крлежи во републиката каде Министерството за здравство има дадено рок од 15 дена за отпочнување на постапка за заштита на населениeто дали општината работи на тој случај?
2.Дали општина Радовиш е влезена во 38 општини на коеи и е поделено градежното земјиште?
3. Дали освен Корона Комерц има и други фирми добиено лиценца за погребални услуги?

Градоначалник на општина Радовиш Д-р. Роберт Велков
- Наездата од паразите треба да биде спречена и сигурно дека општината со службите ќе ги прати и ја следи состојбата и нема да биде надвор од другите општини.
- Секако додека не добиеме писмен одговор нема да го коментирал .
- Ќе побарам писмен одговор од ЈП Плаваја.

Точка 2
Доставување на Одлука на УО ЈП Плаваја бр. 0202-185/3 од 20.04.2011 год.

Советот на општина Радовиш со 12-ЗА и 7-ВОЗДРЖАНИ ја прифати Предлог- Одлука на УО ЈП Плаваја бр. 0202-185/3 од 20.04.2011 год.

Точка 3
Предлог-Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Радовиш за 2011 г.

Советот на општина Радовиш со 12-ЗА и 7-ВОЗДРЖАНИ ја прифати Предлог-Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Радовиш за 2011 г.

Точка 4
Предлог-Одлука за измена и дополнување на на Одлуката за утврдување висина на надоместокот за добивање на лиценце за давање услуги од угостителските објекти во општина Радовиш бр. 07-1888/1 од 17.11.2011 год.

Советот на општина Радовиш со 12-ЗА и 7-ВОЗДРЖАНИ ја прифати Предлог-Одлука за измена и дополнување на на Одлуката за утврдување висина на надоместокот за добивање на лиценце за давање услуги од угостителските објекти во општина Радовиш бр. 07-1888/1 од 17.11.2011 год.

Точка 5
Извештај за уберената комунална такса од регистрација на возила во Радовиш за 2010 год. од Здружение на возачи бр. 25-25/16 од 09.03.2011 год.

Советот на општина Радовиш со 19-ЗА го прифати Извештајот за уберената комунална такса од регистрација на возила во Радовиш за 2010 год. од Здружение на возачи бр. 25-25/16 од 09.03.2011 год.

Точка 6
Извештај за уберената комунална такса од регистрација на возила во Радовиш за 2010 год. од Авто-Сигурност бр. 12-25/22 од 15.04.2011 год.

Советот на општина Радовиш со 19-ЗА ја прифати Извештај за уберената комунална такса од регистрација на возила во Радовиш за 2010 год. од Авто-Сигурност бр. 12-25/22 од 15.04.2011 год.

Точка 7
Извештај за уберената комунална такса од регистрација на возила во Радовиш за 2010 год. од Пауер Спорт Систем бр. 12-25/31 од 25.05.2011 год.

Советот на општина Радовиш со 19-ЗА ја прифати Извештај за уберената комунална такса од регистрација на возила во Радовиш за 2010 год. од Пауер Спорт Систем бр. 12-25/31 од 25.05.2011 год.

Точка 8
Усвојување на Извештаите од работните тела на Советот на општина Радовиш.

Советот на општина Радовиш со 19-ЗА ги прифати Извештаите на работните тела приложени на седница на Советот на општина Радовиш одржана на ден на 27.06.2011 год. и тоа:
-Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина седница одржана на 16.06.2011 година, 39-та седница;
-Комисија за финансирање и буџет седница одржана на ден 16.06.2011 година, 38-та седница;

Со исцрпување на Дневниот ред, седницата на Советот заврши во 10.00 ч.

Совет на општина Радовиш
претседател,
Сашко Николов